РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање за мислење од страна на Комисија за јавни набавки при општина Прилеп, со кое се бара мислење во однос на тоа дали постои судир на интереси при спроведување на јавна набавка во два различни случаи и тоа:

1. Блиско лице (сопруг) на директор, именуван од страна на градоначалникот, поднесува понуда во јавна набавка која е во тек и се спроведува во општина Прилеп и неговата понуда е најниска и прифатлива и
2. Доколку брат/сестра или други блиски лица (согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси) на член на Советот на општина Прилеп има приватна фирма, каде блиското лице е управител и истата како економски оператор учествува на тендери во истата општина.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Судирот на интереси е дефиниран во член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

**Имено, Државната комисија е на став дека во првата ситуација нема судир на интереси согласно цитираниот член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со оглед на тоа дека службеното лице (директор) не ја врши својата функција во општина Прилеп каде се спроведува јавната набавка по што единствено треба да се внимава на забраната за влијание врз постапките за јавни набавки согласно член 57 став (1) од истиот закон со кој е забрането службено лице да врши незаконско влијание во постапката за јавна набавка.**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Член 50 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси
„(1) Службено лице не смее да ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.
(2) Обврската од ставот (1) на овој член останува во рок од три години од денот на престанокот на функцијата, односно должноста, освен ако со закон е утврдено поинаку.“

**Во однос на втората ситуација, Државната комисија е на став дека со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не е предвидена забрана да блиско лице на член на Совет на општина Прилеп, со приватна фирма каде тоа лице се јавува како управител, да учествува на јавен оглас за спроведување на јавна набавка во истата општина. Државната комисија укажа на горецитираниот член 50 од истиот Закон, кој треба да го има во предвид членот на Советот на општина Прилеп во наведената ситуација.**

Заменик претседател,

м-р Цвета Ристовска